## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА" ОД ПРОФЕСОР Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ И ДОЦЕНТ Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ, ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ И ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1202-38/6 од 93. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 26 јануари 2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– ред. проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– ред. проф. д-р Милан Илиески, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА" од проф. д-р Ристе Темјановски и доц. д-р Драшко Атанасоски, наменет за студентите на прв циклус студии за студентите на Економски факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА" од проф. д-р Ристе Темјановски и доц. д-р Драшко Атанасоски, наменет за студентите на прв циклус студии за студентите на Економски факултет и Факултетот за туризам и бизнис логистика е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметната програма МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА, кој се изучува на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во прва година, трет семестар, како изборен предмет со неделен фонд на часови 2+1+1 и носи 4 кредити. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосно опфатен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање во вид на е-учебник по предметот Меѓународен транспорт и шпедиција е претставен од вкупно 358 страници текстуален материјал, надополнет со слики, графикони и картографски прикази. Трудот е пишуван во Б5 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за електронски учебник и кореспондира со бројот на часови по предметот Меѓународен транспорт и шпедиција за студентите на Економски факултет и Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** учебник, скрипта, практикум или друго наставно помагало што ја третира оваа проблематика на УГД досега не е објавена. Трудот претставува (според содржината и начинот на разработка), дело во кое на оригинален начин се претставуваат прашањата на транспортната проблематика.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на едноставен и разбирлив јазик со јасна стручна терминологија, прифатлив за студентите.

Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа:
ПОИМ И УЛОГА НА ТРАНСПОРТОТ КАКО ЗНАЧАЈНА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ, ОСНОВНИ ЕТАПИ ВО РАЗВОЈОТ НА ТРАНСПОРТНАТА ПРОБЛЕМАТИКА, ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ТРАНСПОРТНИТЕ СИСТЕМИ/СОВРЕМЕНИТЕ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ, ОСНОВНИ ДОКУМЕНТИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСПОРТ, ТРОШОЦИ И ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА ТРАНСПОРТНИТЕ УСЛУГИ, СООБРАЌАЈ: ВИДОВИ, КЛАСИФИКАЦИЈА, ОРГАНИЗАЦИЈА, ТРАНСПОРТОТ И ТРАНСПОРТНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕУ, ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА ШПЕДИЦИЈА, ОБВРСКИ, ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ШПЕДИТЕРОТ, ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ШПЕДИТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ, ТРАНСПОРТНИ КЛАУЗУЛИ - INCOTERMS (МЕЃУНАРОДНИ ТРГОВСКИ ТЕРМИНИ).

Во првиот дел се опфатени десетина поглавја кои се однесуваат на транспортната проблематика. Даден е краток вовед во сообраќајот и сообраќајната проблематика. Авторите даваат и кусо објаснување за предметот и задачите на сообраќајот како научна дисциплина. Во ова поглавје се опфатени објаснувања за настанувањето на основните методолошки поими, даден е краток преглед на транспортните системи во логистиката, карактеристични видови на системи и интеракции во светот. Во продолжение на првата глава во петтото поглавје се дефинирани основните транспортни одредници и поими, транспортот како економски и општествен систем и неговото значење за општествениот развој на секое општество. Авторите продолжуваат со современите транспортни системи и основните документи кои се применуваат во меѓународниот транспорт. Во шестото поглавје се осврнуваат трошоците на чинење на транспортната услуга, а во седмото поглавје на класификацијата и организацијата на сообраќајот. Транспортната политика во ЕУ е разработена во осмото поглавје, а состојбите на постојната транспортна инфраструктура на Република Македонија е анализирана во деветтото поглавје. Во првиот дел авторите го разработуваат и сегментот на надворешно-трговско работење на Република Македонија по видови на транспорт.

Вториот дел е наменет за шпедицијата и шпедитерското работење. Во овој дел се опфатени основните каракеристики на меѓународната шпедиција, поимното дефинирање на шпедитер, меѓушпедитер и подшпедитер. Во тринаесеттото поглавје се опфатени обврските, правата и одговорностите на шпедитерот, следи внатрешната организација на шпедитерското работење - анализирана во четринаесеттото поглавје и на крајот се опфатени транспортните клаузули - Инкотермс.

Цитирана е најсовремена литература за оваа проблематика од домашни и странски автори, актуелни законски регулативи, клаузули од националното и меѓународоното право, како и актуелни статистички податоци од Еуростат и ОН.

## З А К Л У Ч О К

Материјата обработена во ракописот од учебникот со наслов „**Меѓународен транспорт и шпедиција**" во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Предвидена за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, односно квалитативната анализа, методот на графови и научната проценка. Авторите во трудот ги илустрираат испитуваните појави компаративно низ временска и просторна димензија, преку примери со учество на различни модели на транспорт во транспортот на луѓе, стока и услуги а потоа, врз таа основа ги прави нужните обопштувања и синтетизирање.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторите со прилично разбирлив и стручен академски стил на пишување на вакви наставни градива пристапува кон структурирање на проблематиката и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањето во оваа област.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот „**МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА**" од **проф. д-р Ристе Темјановски и доц. д-р Драшко Атанасоски** да биде издаден како електронски учебник за студентите на Економски факултет и Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред. проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Ред. проф. д-р Милан Илиески, с.р.**